# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 2 година XXIII



Скопје, јуни 2010 година

## С О Д Р Ж И Н А

2 страна
*Најава за европска конференција*

3 страна
*Правата да станат реалност!*

4 страна
*Програма "Градот и попреченоста"*

5 страна
*Семинар за имплементација и мониторинг на Конвенцијата на ОН*

6 и 7 страна
*Резултати од проектот UNIQ*

7 страна
*Соработка со ECE*

8 страна
*Хуманитарен концерт на општина Аеродром*

9 страна
*Донација од Македонски телеком*

10 и 11 страна
*Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА*

12 и 13 страна
*Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Скопје*

14 и 15 страна
*Спортско - рекреативни активности*

16 страна
*Наша страница*

**"ПОРАКА"**
*Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА*
**Гласилото излегува секои 3 месеци**

**Главен и одговорен уредник:**
**Виолета Димоска**

**Уредувачки одбор:**
**Василка Димоска**
**Владо Крстовски**

**Графичко обликување и печат:**
*Дата Понс, Скопје*
Тираж 1.000 примероци
**Јуни 2010 год. Број 2, год. XXIII**

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
"Орце Николов" бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
E-mail: **poraka@mt.net.mk**
Web: **www.poraka.org.mk**

**Според Министерството за култура на РМ, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**

***Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА***

# *Најава за европска конференција*

## ДОБРЕДОЈДОВТЕ ВО СКОПЈЕ!
### *7-ми и 8-ми октомври 2010 година*

## Европска конференција: "Живот во локалната заедница: моменталната реалност, идни предизвици"

***Главната цел на конференцијата е да се поддржи целосната инклузија на лицата со попреченост во општеството, според насоките на Конвенцијата на Обединети нации за правата на лица со попреченост. Исто така, цел е да се промовира соработка помеѓу клучните чинители вклучени во секторот за правата на лица со попреченост од различни земји, надминувајќи ги културните разлики.***

**Дискусиите ќе се базираат на:**

- *Меѓународните политики и релевантни механизми од овој сектор (Конвенција на ОН, Повелба за правата на граѓаните во Европа, Стратегија за попреченост на Европската Комисија, Акциониот план на Советот на Европа 2006- 2015);*
- *Спецификите во секторот за лица со попреченост во различни земји од централна, источна и југо-источна Европа и предизвиците со кои се соочуваат или ќе се соочуваат;*
- *Промоција, поддршка и воспоставување соработка помеѓу разни чинители во секторот за права на лица со попреченост, особено преку иницијативи за различни видови на партнерства од различни региони.*

**Во текот на конференцијата, дебатите ќе се фокусираат на 4 клучни области:**

- *Деинституционализација,*
- *Квалитет на социјалните сервисни служби,*
- *Достапност на сервисни служби,*
- *Пристапност во општеството.*

**Агендата ќе вклучи општи презентации во однос на сите наведени области. Учесниците на кофенренцијата ќе бидат вклучени во неколку работилници на тема: информирање, вклучување, влијание. Целите на процесот ќе бидат:**

- *Споделување на модели на позитивна практика,*
- *Анализа на позитивни страни, слабости, можности и закани,*
- *Креирање на нацрт документ со препораки до локалните, националните и европските власти.*

**Кој ќе учествува?**

- *Професионалци и претставници на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост,*
- *Лица со попреченост,*
- *Локални и национални власти,*
- *Меѓународни организации.*

**Организатори:**
*ЕАСПД, Комисија за проширување на ЕАСПД, Македонско претседателство со комитетот на министри на Советот на Европа (мај - ноември 2010), РЦПЛИП - ПОРАКА, Отворете ги прозорците, Македонско научна асоцијација за аутизам, Амбасада на Австрија во Македонија, Министерство за труд и социјална политика Р.Македонија.*
*Конференцијата ќе биде поддржана од Европската Комисја (ПРОГРЕС програма) и Министерството за труд и социјална политика на Р.Македонија.*

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА во соработка со НДИ и ИПД

# Истакнување на потребата од итно ратификување на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост

# Правата да станат реалност!

Во рамките на своите програмски активности, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА продолжува со промовирање на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост. Тргнувајќи од огромната важност на овој меѓународен правно – обврзувачки договор, РЦПЛИП – ПОРАКА реализи-раше неколку активности за истакнување на потребата од итно ратификување на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.

Во рамките на програмата “Зајакнување на граѓанското учество во законодавниот процес” која ја спроведуваат Националниот демократски институт за меѓународни работи (НДИ) и Институтот за парламентарна демократија (ИПД), РЦПЛИП – ПОРАКА е вклучена како една од четирите партнерски организации со својата иницијатива која се однесува токму на Конвенцијата. Во рамките на ова партнерство, РЦПЛИП – ПОРАКА, во соработка и со поддршка од НДИ и ИПД ги реализираше следните активности:

- Објавување на колумна на д-р Василка Димоска, програмски менаџер во РЦПЛИП – ПОРАКА, на тема “Лицата со попреченост повикуваат: Нашите права да станат реалност” во дневниот весник “Дневник”.
- Подготовка и дистрибуција на информативен материјал: летоци, постери и лесночитлива верзија на Конвенцијата, наменета за лицата со интелектуална попреченост, со финансиска поддршка од Националната фондација за демократија (НЕД).
- Средби на претставници на РЦПЛИП – ПОРАКА и на локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА со пратениците од Собранието на Република Македонија, во соработка со Канцелариите за комуникација со граѓаните кои се менаџирани од страна на НДИ и ИПД.
- Во рамките на отворениот ден на Собранието на Р.Македонија, на 7-ми мај 2010 година, претставници на РЦПЛИП - ПОРАКА и дел од корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Скопје оствари средба со г-нот Трајко Велјановски, Претседател на Собранието на Р.Македонија, на која претставниците на РЦПЛИП - ПОРАКА ја истакнаа својата заложба за итно ратификување на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост.



- Со поддршка од Медиа Принт Македонија, летоците “Правата да станат реалност” беа инсертирани во дневниот весник “Дневник” на 24-ти Јуни 2010 година.
- На иницијатива на РЦПЛИП - ПОРАКА, потпретседателот на Собранието на Р. Македонија , г-ѓа Светлана Јакимовска, на седницата на Собранието одржана на 24-ти јуни 2010 година, постави пратеничко прашање до заменик - министерот за надворешни работи во однос на ратификцијата на Коневнцијата.

Целта на овие активности беше да се истакне значењето на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, да се укаже на потреба од нејзино инто ратификување и да се пренесе пораката дека со тоа Република Македонија ќе овозможи правата на лицата со попреченост да станат реалност.





**Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА во Куманово, Виница и Охрид**

# Советите на општините Виница и Куманово ги усвоија локалните акциони планови

РЦПЛИП – ПОРАКА во изминатитот период продолжи со реалзиацијата на активностите во рамките на програмата "ГРАДОТ И ПОПРЕЧЕНОСТА - развивање на локални акциони планови за попреченост во Охрид, Куманово и Виница".

Во четвратата фаза на програмата, РЦПЛИП - ПОРАКА заедно со партнерот Хендикеп Интернационал одржаа по три работилници во секоја од трите општини, каде членовите на работните групи работеа директно на креирање на локалните акциони планови. Притоа, членовите на трите работни групи имаа можност да ги искористат стекнатите знаења од одржаните обуки.

Локалните акциони планови беа разработувани во согласност со меѓународниот документ "Агенда 22", а врз основа на принципите зацртани во Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост. На работилниците, беа разгледувани приоритетите и потребите на лицата со попреченост првенствено во областите кои се под надлежност на локалните самоуправа, но исто така и во областите кои не се сеуште децентрализирани, а во кои локалните заедници можат да придонесат преку локални акции и преку лобирање до централна власт.

Во разработувањето на локалните акциони планови, членовите на работните групи дадоа свој придонес во офомување на приоритетите и активностите. Притоа, се водеше сметка предложените активности во локалните акциони планови да бидат реални и изводливи, во согласност со ресурсите на локалните заедници. За секоја поединечна активност дефинирана е нејзината цел, задача, одговорна институција за спроведување, временска рамка и извор на финансирање на активноста.

По циклусот на работилници, беа организирани презентации и јавни дебати за локалните акциони планови со советниците од Советите на трите општини и со претставници на институции и чинители. На овие настани, добиен е позитивен фидбек во однос на овие стратешки документи, како и конструктивни забелешки од учесниците. Потоа, беа организирани по една финална работилница во секоја од трите општини, на кои беше финализиран текстот на предлог - локалните акциони


Финална работилница во Охрид

планови, а на членовите на работните групи им беа доделени сертификати за учеството и придонесот во целата програма.

Како резултат на претходно спроведните фази, Советот на општина Виница на 21-ви јуни 2010 година едногласно го усвои Локалниот акционен план за унапредување на положбата на лицата со попреченост во Виница 2010 - 2013. Советот на Општина Куманово, два дена подоцна, на 23-ти јуни 2010 година исто така едногласно го усвои Локалниот акционен план за унапредување на положбата на лицата со попреченоство Куманово 2010 - 2013. Се очекува Советот на општина Охрид на почетокот на јули да го усвои Локалниот акционен план за унапредување на положбата на лицата со попреченост во Охрид 2010 - 2013.

Позитивните ефекти од реализацијата на програмата побудија интерес за креирање на локални акциони планови и во други општини. Покрај општина Радовиш каде процесот веќе е отпочнат, општина Гостивар е втората општина која покажа интерес.

РЦПЛИП – ПОРАКА ги спроведува активностите за креирање на локални акциони планови во партнерство со Хендикеп Интернационал – Југоисточна Европа, а со поддршка од Програмата за мали грантови на Амбасадата на САД во Македонија.


Презентација и дебата по локалниот план во Виница


Презентација и дебата по локалниот план во Куманово

**Активности на Хендикеп Интернационал - Југоисточна Европа**

# Семинар на тема “Имплементација и мониторинг на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост”

Хендикеп Интернационал - Југоисточна Европа, во соработка со SHIA (Шведска организација на лица со попреченост), во периодот од 21-ви до 23-ти јуни 2010 година, во хотел “Континентал” - Скопје, организираше тродневен семинар на тема “Имплементација и мониторинг на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост”.

На семинарот учествуваа членовите на осумте координативни тела за спроведување на локалните акциони планови за унапредување на положбата на лицата со попреченост од општините Виница, Охрид, Куманово, Прилеп, Неготино, Велес, Тетово и Чаир.

Обуката ја спроведуваа Золтан Михок - извршен директор на Центар за ориентација на општеството од Србија, Владо Крстовски - програм асистент во Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА и Африм Иљази - програм менаџер на Хендикеп Интернационал за Македонија.

Целта на обуката беше да им овозможи на учесниците:

- да го зголемат своето ниво на информираност во однос на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост,
- да сфатат што значи мониторинг на состојбите во областа на попреченост на локално ниво и на кој начин мониторингот може да се спроведе во нивните локални заедници,
- да разгледаат можни модели на меѓуопштинско поврзување и поврзување со националните организации и тела,
- да стекнат самодоверба која е неопходна за почеток на мониторингот на локално ниво и за придонес во пишувањето на алтернативни извештаи во однос на Конвенцијата.

Семинарот опфати презентации за основите на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост; поврзување на Конвенцијата со Агенда 22; дефиниции, принципи и чекори во мониторинг; карактеристики на мониторинг на локално ниво и равој на план за мониторинг на локално ниво; процедури за национален мониторинг на Конвенцијата и можности за влијание од страна на граѓанскиот сектор преку пишување на алтернативни извештаи. Имајќи во предвид дека спроведувањето на Конвенцијата е многу блиску поврзана со спроведувањето на локалните акциони планови, односно самите локални планови се инструменти за спроведување на Конвенцијата, една од најбитните точки во целата обука беше укажувањето дека преку ефективно следење на реализацијата на плановите, всушност се врши локален мониторинг на спроведувањето на Конвенцијата.

Имајќи во предвид дека Република Македонија сеуште ја нема ратификувано Конвенцијата, оваа обука беше можност за учесниците да увидат какви можности се отвараат со ратифкувањето на Конвенцијата и какви активности ќе следат по ратификувањето за да се обезбеди ефективна имплементација на обврските кои ќе се преземаат.

Обуката опфати интерактивни работилници во кои учесниците разработуваа делови од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост и ги поврзуваа со делови од своите локални планови , односно со Агенда 22; дискутираа за чекорите и принципите на локален мониторинг и работеа во групи на одредување на квалитативни и квантитативни индикатори кои би се користеле во процесот на мониторинг на локално ниво.

Исто така, учесниците имаа можност да ги пренесат своите практики и да разменат искуства, но пред се да размислуваат на кој начин најсоодветно би се вршел мониторинг на состојбите на локално ниво. Притоа, обучувачите понудија можни системи на мониторинг, а учесниците дебатираа за нивната употребливост.

Хендикеп Интернационал реализираше вакви семинари во неколку земји во регионот, во кои Конвенцијата е ратификувана и веќе се работи на нејзина имплементација.





## Партнерство на РЦПЛИП ПОРАКА

# Резултати од европскиот проект “UNIQ”
# Препораки за спореведување на евалуација водена од корисници



РЦПЛИП - ПОРАКА е партнер во проектот “UNIQ – Users Network to Improve Quality” на ATEMPO, невладина организација за лица со попреченост од Австрија. Проектот е поддржан од програмата Progress на Европската комисија, а неговата главна цел е пренесување на моделот на евалуација на сервисни служби, кој е развиен од ATEMPO, во три европски земји: Чешка, Норвешка и Германија. Моделот НУЕВА е иновативен пристап кој овозможува лицата со интелектуална попреченост да спроведуваат евалуација на сервисните служби кои самите ги користат.

Во рамките на проектот, лица со интелектуална попреченост од ATEMPO, кои се обучени да вршат евалуација на сервисни служби, обучија други лица со интелектуална попреченост од Чешка, Германија и Норвешка да вршат евалуација на сервисните служби во своите земји и како да ги користат инструментите на на “Nueva”. РЦПЛИП – ПОРАКА е вклучена во проектот како партнер – набљудувач, заедно со уште пет организации: FEAPS од Шпанија, SONCEK од Словенија, Inclusion Ireland од Ирска, VILTIS од Литванија и Lebensihilfe од Италија.

На крајот на проектот, согледувајќи ги искуствата и ефектите од од реализираните активности, проект партнерите изготвија **препораки за спроведување на евалуација водена од корисници**:

- Владите, администрацијата, НВО секторот и обезбедувачите на сервисни служби од сите нивоа би требале да преземат акција за евалуација водена од корисници;
- Законската рамка треба да вклучува корисници во процесот на евалуација за квалитетот на сервисните служби. Лобирање на организациите на лица со попреченост ќе биде неопходно потребно за воведување на овој концепт за евалуација спроведувана од корисници во релевантните законски акти;
- Во оваа насока, доколку корисниците можат да одлучат кои сервиси за поддршка сакаат да ги користат, тогаш обезбедувачите ќе мора да се грижат за квалитетот на услугата. Владите треба да обебзедат лични буџети кои ќе обезбедат автономија и можност за избор од самите лица со интелектуална попреченост;
- Повеќето земји имаат систем за евалуација на квалитетот на социјалните сервисни служби. Но, тие не нудат јасна визија на потенцијалните корисници за изборот што корисникот може да го направи помеѓу различни сервиси. Зајакнувањето на корисниците е неопходно за подобрување на нивниот живот. Индикаторите за квалитет на живеењето, дефинирани од корисниците, може да дадат јасна и реална слика за придонесот на сервисните служби за поддршка во подобрување на квалитетот на живот и добросостојба на корисниците;
- Креирањето на нови сервисни служби за лица со интелектуална попреченост би требало да биде стриктно контролирана, проверена според специфични услови и препораки, а евалуирана од самите лица со интелектуална попреченост;
- Обезбедувачите на сервисни служби сакаат да го мерат резултатот и квалитетот на нивните сервисни служби во однос на квалитетот на живот на корисниците, а исто така сакаат да бидат забележани на пазарот на можности. Евалуацијата од самите корисници го надополнува постоечкиот систем на менаџмент на квалитетот, со што истовремено се подобрува можноста за успех на обебзедувачите на сервисни служби на пазарот;
- Сервисните служби може да ги информираат потенцијалните корисници за нивниот профил на квалитет, публикувајќи ги резултатите од нивната евалуација во достапен формат за лица со попреченост. Ова ќе обезбеди успех особено на пазарот каде личните буџети или директните плаќања им дозволуваат на корисниците слободно да ги избираат сервисните служби за поддршка;
- Градењето на коалиција со клучните чинители во оваа област е неопходно, а лицата со попреченост и организациите кои ги застапуваат нивните права мора да бидат вклучени во целиот процес;

## Партнерство на РЦПЛИП ПОРАКА

- Локалните власти можат да почнат да развиваат евалуација водена од корисниците како пилот проект градејќи експертиза и знаење;
- Професионалниот персонал би требало да биде добро обучен за областите кои се однесуваат на само-одлучување, автономија, избори и слободи за лицата со попреченост. Тие треба да ги почитуваат овие вредности, да го поддржуваат и промовираат квалитетот на живот дефиниран од корисниците;
- Членовите на семејствата би требало исто така да бидат информирани и обучени за евалуација водена од корисници и да се придружат кон дефинирањето на “квалитетен живот” и на индикаторите користени во евалуацијата, особено за поддршката на лица со тешка попреченост или комбинирана попреченост. Посебни бариери се појавуваат при обид да се развијат можности и поддршка на нивните вештини за да се практикува контрола врз своите животи или да се избере соодветна серивсна служба;
- Целта на моделот НУЕВА е да се приближат механизмите за пристап до социјалните сервисни служби, не само за лицата со попреченост, туку и за други групи, особено за повозрасните.

### *ЗАКЛУЧОЦИ: “ДА, ние можеме да избираме”*

Конвенцијата на Обединети нации за правата на лица со пореченост јасно укажува со членот 19 дека: “Лицата со попреченост треба да имаат можност да го изберат местото на живеење, каде и со кого ќе живеат, на еднаква основа како другите”

Лицата со интелектуална попреченост знаат што тие сакаат – ние само треба да ги запрашаме. Но, понекогаш полесно е да се каже, отколку да се направи. Овој проект покажа дека е возможно оваа идеја да се реализира во практика.

Како основен принцип, сите партнери се согласија дека “квалитет” значи “квалитет на живот”. Квалитетот на живот може да биде предодреден само од корисниците. Затоа и ни е потребно нивното согледување со цел да се променат и подобрат сервисните служби. Неопходно потребно е корисниците да се информираат за сите можности и искуства, вклучително и моделот на пристап до врсниците. НУЕВА моделот на евалуација водена од корисници им овозможува на корисниците да се одлучат.

Резултатите се многу позитивни: НУЕВА моделот е корисен и може да се прилагоди и за други земји зависно од условите на локално ниво. Проектот покажа дека постои голем интерес од корисниците, од обезбедувачите на сервисни служби и од власите. Интересно е да се забележи трендот во трите земји кои се со различен развој и традиции на социјални сервисни служби и социјални политики. Клучното прашање за трансферирање на НУЕВА во други земји е капацитетот на предложување на овој модел како механизам за пристап до сервисни служби, не само за лица со попреченост, туку и за други групи.

Партнерите во проектот и соработниците вклучени во проектот се високо посветени да продолжат со промовирање и спроведување на моделот на евалуација водена од корисници во своите земји. Од земјите каде се тестираше моделот НУЕВА, Германија ке биде прва и ќе започне со спроведување на овој моделот во 2010 година во Берлин. Во Норвешка, посветеноста на локалните власти да развијат сличен проект многу ветува. Иако во Чешка, властите не се спремни сеуште да го прифатат моделот во пракса, се појави висок интерес на обезбедувачите на сервисни служби да ги земаат во предвид перспективите на корисниците, отварајќи нови можности и нови теми.

***Главната улога на лицата со попреченост како корисници нема повеќе да биде игнорирана кога се одредува квалитетот на сервисните служби. Завршното мото на овој преокт е : Да, ние можеме да изибраме!***

## Активности поврзани со кампањата “Животот како безбедна авантура”

# Продлабочување на соработката со ЕСЕ

Тргнувајќи од заедничките определби за намалување на дискриминацијата и заштита од малтретирање и насилство на своите целни групи, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА воспостави добра соработка со ЕСЕ - Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија. Во изминатитот период, соработката се продлабочи со вклучување на РЦПЛИП - ПОРАКА во активностите на ЕСЕ кои се насочени кон истражување на состојбите на повеќе вулнерабилни групи на жени. РЦПЛИП - ПОРАКА се вклучи во истражувањето на ЕСЕ во делот на жените и девојките со интелектуална пореченост, како и жените кои се грижат за лица со интелектуална попреченост.



**Преземен текст од веб-страна на општина Аеродром www.aerodrom.gov.mk**

### На хуманитарниот концерт „Биди човек, помогни!” во Општина Аеродром

# Граѓаните несебично донираа средства за лицата со хендикеп

**„БИДИ ЧОВЕК, ПОМОГНИ!”** беше мотото под кое повеќе стотици граѓани присуствуваа на големиот хуманитарен концерт за лицата со хендикеп и со интелектуална попреченост, што се одржа спроти ТЦ „Бисер” на 8.6.2010 година во Општина Аеродром.

За време на концертот, телефоните на мобилните оператори ОНЕ, Т-МОБИЛЕ и ВИП непрекинато ѕвонеа и на тој начин, граѓаните ја покажаа својата несебичност донирајќи по 100 денари. За поголеми средства граѓаните имаа можност да донираат на сметките на организациите “Полио Плус” и „Порака”.

Покрај добрата забава, граѓаните ја искористија можноста да разговараат по телефон со некој од присутните гости на бекстејџот.

На телефонските повици покрај градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, одговараа и градоначалникот на Скопје, Коце Трајановски, заменик-министертот за труд и социјална политика, Спире Ристевски, директорот на Агенцијата за млади и спорт, Диме Спасов и други лица од јавниот живот, амбасадори, бизнисмени, пејачи, актери, спортисти, како и соработници на општината.





На концертот настапија познати музички уметници од македонската естрада, меѓу кои Дани, Влатко Илиевски, Марко Слаткаристика, Јован Јованов, Елвир Мекиќ, Ѓоко Танески, Зоран Џорлев, Ребека, Александар Митевски, Александар Белов, Бојана, Мартина, Ристо Самарџиев, Сања Лефкова, Тони Зен, Ламбе Алабаковски, Маја Панчева, Маја Вукичевиќ, Јане Дунимагловски, Благоја Грујовски, Татјана и Новица Лазаровски, Зуица Лазова, Гоце Арнаудов, Благица Павлова, БАСКЕРФЕСТ, ЗУМБА и многу други.

Тричасовниот хуманитарен концерт го организираше Општина Аеродром во соработка со Македонската радио телевизија, која го пренесуваше во живо на својата прва програма, која според параметрите што ги покажаа мерењата во тоа време достигна висока гледаност.

За целото времетраење на концертот двајца млади ентузијасти, членови на Здружението за промовирање на стрип културата „МАКСТРИПОВИ”, ги анимираа најмладите со сликање стрип ликови и карикатури.

Инаку, сличен хуманитарен концерт Општина Аеродром одржа минатата година во септември, кој поради успешниот епилог е одлучено да стане традиционален.






**Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА**

# Македонски телеком со донација ги поддржа активностите на РЦПЛИП - ПОРАКА

Почнувајќи од 2009 година, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА во своите сервисни служби – дневни центри постепено почна да развива нова програмска активност за обука на корисниците за користење на компјутери и развој на потенцијалот преку употреба на едукативен компјутерски софтвер.

Имајќи во предвид дека развивањето на оваа активност во голема мера зависеше од можностите да се обезбеди компјутерска опрема, РЦПЛИП – ПОРАКА во изминатитот период иницираше неколку акции за обезбедување на потребната опрема.

На наше големо задоволство, една од најголемите и најуспешните компании во Република Македонија, Македонски Телеком АД – Скопје донираше на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА 60 персонални компјутери, наменети за реализација на програмски активности во локалните организации, дневните центри и социјалните клубови за лица со интелектуална попреченост, кои функционираат во рамките на мрежата на РЦПЛИП – ПОРАКА.

Персоналните компјутери, секој составен од куќиште, монитор, глувче и тастатура, се употребуваат за унапредување на практичните и когнитивните вештини на лицата со интелектуална попреченост кои се членови на РЦПЛИП – ПОРАКА во локалните оргнизации во 15 општини во Република Македонија. Исто така, компјутерите се употребуваат за редовно административно работење во локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА.

Распределбата на персоналните компјутери се реализираше согласно потребите на локалните организации, во зависнот од бројот на членови – корисници опфатени во дневните центри или социјални клубови на РЦПЛИП – ПОРАКА.



**Упатуваме голема благодарност до Македонски телеком АД - Скопје за укажаната доверба и поддршка на активностите на РЦПЛИП – ПОРАКА, со надеж дека воспоставената соработка ќе продолжи во иднина, на задоволство на членовите на РЦПЛИП - ПОРАКА.**

**Истовремено, ја повикуваме бизнис заедницата во нашата држава да го следи овој позитивен пример на општествено одговорни активности, преку кои се придонесува во создавењето на еднакви можностите за лицата со интелектуална попреченост.**





# Активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар во рамките на кампањата “Животот како безбедна авантура”

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Демир Хисар активно се вклучи во спроведување на националната кампања за превенција од малтретирање на деца/лица со интелектуална попреченост “Животот како безбедна авантура” на РЦПЛИП – ПОРАКА. По усвојување на својата програма на 10.03.2010 година, ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар реалзираше повеќе активности.

На 15.03.2010 година беше распишан конкурс за литературни творби на тема “Животот како безбедна авантура” за учениците од основно и средно образование, кој траше до 15.05.2010 година.

На 26.03.2010 во просториите на Центарот за вработување – Демир Хисар одржана е тркалезна маса на тема “Законските можности за вработување на лицата со интелектуална попреченост и нивната заштита од дискриминација” на која зедоа учество претставници на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар, од Центарот за вработување и основачи на заштитни друштва.

На 12.04.2010 година во Средното општинско училиште “Крсте Петков Мисирков” беше организирана работилница на тема “Задолжително средно образование и заштита од малтретирање на деца/лица со интелектуална попреченост”. На работилницата зедоа учество преставници на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар и на училиштето “Крсте Петков Мисрков” - Демир Хисар.

Во основните училишта “Гоце Делчев” – Демир Хисар и “Браќа Миладиновци” - с. Жван, на 12.04.2010 година беше посветен тематски час за кампањата, за што ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар изготви промотивен материјал, а во ОУ “Даме Груев” - с. Смилево на 13.04.2010 година претставници на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар пред сите ученици од 5-то до 8-мо одделение и наставниците извршија презентација на краткиот филм “Авантурата на Сара” и на материјалот од кампањата.

На 04.06.2010 година, комисијата на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар за образование и култура ги разгледа пристигнатите творби од основните училишта и од средното општинско училиште и ги избра најдобрите творби.





Прва награда доби творбата “Авантурата на Сара” од ученичката Весна Туфевска од ОУ “Даме Груев” – с. Смилево, втора награда за творбата “Детска желба” на ученичката Магдалена Тасевска и трета награда за ученикот Виктор Илијовски за творбата “Животот како безбедна авантура”, двајцата од ОУ “Гоце Делчев” – Демир Хисар.

Првата награда од средното образование ја овои ученичката Ивона Талевска со творбата “Животот како безбедна авантура”, втората награда Сашо Мегленовски со творбата “Животен сон” и третата награда Николина Цветановска со творбата “Животот како безбедна авантура”.

На 11.06.2010 година во соработка со Црвен крст – Демир Хисар во Домот на културата “Илинден” беше организирана хуманитарна манифестација под мотото “Песната, културата, солидарноста и хуманоста во потрага на безбедна авантура на лицата со попреченост”. На манифестацијата беа презентирани краткиот филм “Авантурата на Сара” и филмот за Билјана Ангелевска – лице со попреченост од Демир Хисар, како и реализираните активности во камапњата за превенција од малтретирање на лица со интелектуална попреченост. Исто така, беше одржана промоција на книгата поезија “Гласот на каменот” издадено од писателот Кире Ангелевски – Стерја, родител на лице со интелектуална попреченост, во која дел од песните се посветени на неговата ќерка Билјана.

На манифестација присуствуваа претставници на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар, на општината Демир Хисар и на училиштата, како и писатели, поети, крводарители и активисти – волонтери на ЦПЛИП – ПОАКА Демир Хисар.

На најдобрите учесници на конкурсот им беа доделени награди во книги кои ги обезбедија демирхисарските писатели Кире Ангелевски – Стерја, д-р Менде Солунчевски и Зоран Котевски, а дел од книгите обезбеди народната библиотека “Петре М. Андреевски”

– Демир Хисар. Исто така, наградените ученици добија и училишен прибор обезбеден од ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар.

Како израз на признание и благодарност за поддршката и придонесот во спроведување на кампањата “Животот како безбедна авантура”, ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар додели благодарници на: Градоначалникот на општина Демир Хисар, г-дин Тони Ангелевски, на Центарот за вработување, Домот на култура “Илинден”, Центарот за социјална работа, основните училишта и средното општинско училиште кои учествуваа во литературниот конкурс, ПЗУ Ординација по општа медицина “Д-р Јагода Филиповска, “Огрев” , “Калц Комерц”, “Жито Брест”, Детската градинка “Втори Септември” и на г-ѓа Анета Ѓорѓиевска од ОУ “Ѓорѓи Сугарев” - Битола, логопед и соработник на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар.



## На театарски претстави “Свадбата на МЦ” и “Нечиста крв”

Во мај 2010 година, во Домот на култура - Радовиш се изведе долгонајавуваната премиера на театарската претстава “Свадбата на МЦ” во реализација на радовишкиот писател Борче Панов.

Корисниците на дневниот центар, на покана на Директорот на Домот на култура и на самите изведувачи на претставата кои се и нивни пријатели, присуствуваа на оваа театарска претстава и се збогатија со уште едно ново искуство.

Начинот на кој беше сфотена содржината на претставата од страна на корисниците, следниот ден им беше прераскажана на другиот дел од корисниците кои не беа во можност да ја проследат. Посебен интерес за корисниците беа глумците аматери од аматерското драмско студио при гимназијата “Коста Сусинов” со нивната модерна костимографија и изнесената содржина на претставата од секојдневниот живот на младите, нивните сплетки и интриги кои ги водат кон првите чекори во љубовта.

Како резултат на збратимувањето и одличната соработка на полето на културата на градот Сурдулица од Република Србија и општина Радовиш, на 28.05.2010 година се одржа театарската претстава “Нечиста крв”.

Преку оваа театарска претстава, корисниците имаа можност да се запознаат со културните вредности на друга држава и да слушнат говор од друго јазично подрачје.

## Социјална активност на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип

Во рамките на програмата за заеднички средби на членовите на ЦПЛИП -ПОРАКА Штип, на 17.06.2010 година, беше организирана и реализирана посета на Завод Музеј. Членовите на ЦПЛИП - ПОРАКА Штип беа пречекани од вработените во Музејот, кои ги запознаа со улогата на музеите, како и со предметите кои се чуваат таму, а се пронајдени со археолошките ископини на територијата на источна Мекедонија, односно по течението на реката Брегалница.





## Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Скопје

# Активности со Факултетот за безбедност

Со цел да ја продолжиме воспоставената соработка со Факултетот за безбедност (започната околу новогодиш-ните празници), во текот на месец мај корисниците од дневниот центар - ПОРАКА Скопје го посетија Факултетот и притоа реализираа активности со дел од студентите.

Прво беа организирани натпревари во кошарка и фудбал во спортската сала, потоа имавме заедничка ликовна работилница и на крај мала забава.

Заедничка желба на корисниците на дневниот центар и на раководните лица на факултетот е соработката да продолжи со започнување на новиот учебен семестар.



# Посета на археолошкиот локалитет "Скупи"



Со цел да ги запознаеме сите убавини во нашата околина, решивме да посетиме уште еден археолошки локалитет кој го најдовме на картата на Скопје, а е специфичен поради неговата местоположба (населба Злокуќани), но секако и поради неговото значаење.

Бидејќи претходно имавме посетено неколку вакви локалитети, како и изложбата на археолошките наоди од локалитетот Скопско Кале, оваа посета дојде како заокружување на една низа активности околу нашето културно наследство.

Голема благодарност до нашиот домаќин Игор, кој не водеше и исцрпно ни објаснуваше за се што се случувало таму и се обиде сликовито да ни го прикаже градот Скупи.

Во надеж за повторно видување и за продолжу-вање на соработката, се разделивме со нашиот нов пријател збогатени за уште едно искуство поврзано со убавините и историјата на нашата земја.

# Одбележување на Денот на планетата Земја

Во организација на град Скопје под покрови-телство на Градоначалникот Коце Трајановски, на 25-ти Април во Градскиот парк во Скопје беше одржана минифестација за одбележување на Денот на планетата Земја.

Покрај многубројните училишта од градот, како и невладини организации, свое учество имаше и ЦПЛИП-ПОРАКА Скопје, односно корисниците на дневниот центар заедно со своите родители.

На својот штанд изложивме изработки од работните активности, а исто така на лице место подготвувавме изработки од материјал за рециклирање.

За успешно реализираните активности и учество на крај ни беше доделена благодарница.



## Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Скопје

# Активности со Црвен Крст на град Скопје

Континуираната соработка помеѓу Црвен Крст на град Скопје и дневниот центар - ПОРАКА Скопје продолжи со заедничка активност во рамките на ПХВ проектот на Црвениот крст насловен како “Луѓето не се гладни само за леб, туку за љубов и за внимание”.

За таа цел беше организирана работилница во просториите на дневниот центар во која корисниците од дневниот центар заедно со младите на Црвениот Крст на град Скопје заеднички приготвуваа колачи.

Потоа, направените колачиња беа заеднички подарени на корисниците на Домот за стари лица во населба Злокуќани - Скопје.



# Посета на печатницата “Крсте Петков Мисирков”

Во рамките на планираните социјални активности за месец мај, корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Скопје ја посетија печатницата “Крсте Петков Мисирков”.

Целта на оваа социјална актинвост беше да се погледне уште еднаш начинот на кој се одвива печатењето на еден весник, но и на лице место да се види каде се печатат дел од најтиражните дневни весници и неделни магазини – “Шпиц”, “Време” и “Крема”. Претставувањето на целиот процес на печатење предизвика голем интерес кај нашите корисници, а домаѓините со задоволство одговараа на нивните прашања.

Корисниците се разделија со домаќините со ветување дека соработката ќе продолжи на повисоко ниво.



# Учество на ЦПЛИП - ПОРАКА Скопје на “Бебе саем”

Со цел претставување и промовирање на услугите и работата на дневниот центар, исто како и минатата година, ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје учествуваше на “Бебе саем” кој се одржа од 23-ти до 25-ти Април на Скопскиот Саем.

Како и секогаш, оваа активност беше реализирана со дел од родителите на корисниците кои зедоа активно учество на саемот како и дел од студентите на Штуловиот универзитет – отсек за комуникологија кои изведуваа практична настава во дневниот центар.

Корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Скопје имаа можност да присуствуваат на отворањето на саемот и да го видат сопствениот штанд. Тие можеа да видат како дел од нивните изработки се изложени на штандот и да го забележат интересирањето за нивните изработки.



Упатуваме голема благодарност до одговорните лица во компанијата “ПАНЕКС”, кои по втор пат не поканија и ни овозможија бесплатно да учествуваме на оваа прекрасна манифестација.

## Во организација на РЦПЛИП - ПОРАКА

# СПОРТСКО - РЕКРЕАТИВНИ АКТИВНОСТИ за корисниците на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА

**Во согласност со својата Програма за работа за 2010 година, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА во периодот 28-ми јуни - 2-ри јули 2010 година организираше и реалзираше спортско - рекреативни активности за корисниците на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА.**

Како резултат на позитивните ефекти од спроведувањето на спортско - рекреативните активности во изминатите години, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, и во 2010 година предвиде во својата програма за работа организирање и реализирање на две вакви манифестации.

Главната цел на овие активности е промоција на нова форма на вклучување на адолесцентите со интелектуална попреченост во општеството преку спорт и рекреација и придонес во развојот на вештините за самостојно живеење кај овие лица. Исто така, овие активности нудат можности за подобрување на психофизичката состојба на адолесцентите со интелектуална попреченост.

Првите спортско - рекреативни активности во 2010 година беа одржани во Струга, во Центарот “Солферино” на Црвениот крст, во периодот од 28-ми јуни до 2-ри јули 2010 година.

Како и претходните години, во спортско - рекреативните активности беа вклучени адолесценти со интелектуална попреченост, корисници на дневните центри кои ги менаџира РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје, Охрид и Радовиш.

Во спроведувањето на овие активности беа вклучени водичи на тимовите (персонал од дневните центри) и одговорни лица од РЦПЛИП – ПОРАКА.



Спортско-рекреативните активности обезбедуваат голем број различни можности: развој на чувството и духот за натпреварување меѓу адолесцентите со интелектуална попреченост; искуство да се биде дел од спортска екипа притоа чувствувајќи го единството во екипата; мотивација за натпреварување и победа, но истовремено и искусување и справување со пораз во спортските игри.

Од друга страна, овие активности претставуваат добра можност за персоналот од дневните центри да поминува 24 часа заедно со корисниците на дневните центри овозможувајќи им да го разберат ритамот на живеење и однесувањето на секое лице со интелектуална





## Во организација на РЦПЛИП - ПОРАКА





попреченост. Понатаму, набљудувањето на корисниците во нова средина, без родителското влијание, им нуди на персоналот нови сознанија во однос на можните подобрувања во самостојноста и самодовербата меѓу корисниците и несебичната поддршка и пријателство меѓу нив самите, што не може да се увиди во текот на активностите во дневните центри. Уште повеќе, ваквите активности обезбедуваат можности за подобрување на вештините за одржување на личната хигиена, вештините за социјални интеракции итн.

Спортските активности беа поделени во следните дисциплини:

- Атлетика (натпревари во трчање и скок во далечина),
- Натпревари во мал фудбал,
- Натпревари во баскет,
- Натпревари во тегнење јаже.

Рекреативниот дел од програмата опфати разни друштвени игри, цртање, како и забави со музика и танцување во вечерните часови. Во попладневните часови, на плажата блиску до Центарот "Солферино" беа организирани рекреативни активности во вода. За некои од корисниците тоа претставуваше можност да ги усовршат своите пливачки вештини, а за дел од нив позитивно искуство да бидат на плажа со нивните врсници.

Исто така, во попладневните часови, корисниците учиваа во прошетките покрај брегот на Охридското езеро, а имаа можност да го посетат и градот Струга и неговите знаменитости.

Може да се заклучи дека целите на спортско-рекреативните активности беа во целост реализирани. Корисниците на дневните центри беа активно вклучени во спортско-рекреативните содржини, персоналот од дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА имаше можност да увиди важни информации во однос на однесувањето на корисниците надвор од дневниот центар, што ќе биде од огромно значење за нивната понатамошна работа во рамките на индивидуалната работа со корисниците и подобрувањето на вештините за самостојно живеење.

Упатуваме голема благодарност до персоналот од центарот "Солферино" за нивниот пријателски однос и рамноправен третман.





# Наша Страница

# Грижа и работа со коњи

Мината година, корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Скопје, благодарение на иницијатива на Paulo - нашиот пријател од Португалија, започнаа со реализација на нова програмска активност - грижа и работа со коњи. Оваа пролет, корисниците и ангажираните лица поделени во групи, продолжија еднаш неделно да спроведуваат активности со Пабло и неговите пријатели на хиподромот крај Скопје.





Следејќи ги инструкциите на Paulo, корисниците постепено се вклучуваат во сите активностите што се спроведуваат околу грижата за овие животни, усвојувајќи ги вештините потребни за одржување на хигиена и потковување. Исто така, корисниците имаат можност да јаваат, се разбира под надзор и со помош на Paulo и неговите соработници (професионален јавач и физиотерапевт).

Целата оваа активност има голем ефект врз корисниците, кои секогаш се враќаат од хиподромот исполнети со позитивни емоции и желба за повторно дружење со Paulo и неговите коњи.





*Печатењето на гласилото е поддржано од:*

NED National Endowement for Democracy
Supporting freedom around the world

ISSN 0350-5863